# Европска младинска информативна повелба

Усвоена во Каскаис (Португалија) на 27 Април 2018 на
29 тото Генерално собрание на Европската агенција за младинско информирање и советување (ERYICA).

## Преамбула

Живееме во сложени, дигитализирани општества и во меѓусебно поврзан свет кој што нуди многу предизвици и можности. Пристапот до информации и способноста да се анализираат и користат е се повеќе од голема важност за младите луѓе во Европа и пошироко. Младинско информативната работа им овозможува на младите луѓе да ги достигнат нивните стремежи и да го промовира нивното учество како активни членови во општеството. Информациите треба да бидат овозможени на начин на кој што ќе се прошират можностите кои им се на располагање на младите и кои што ќе ја промовираат нивната автономија и поттикнување.

Почитувањето на демократијата, човековите права и основните слободи подразбира право на сите млади луѓе да имаат пристап до сеопфатни, објективни, разбирливи и веродостојни информации за сите нивни прашања и потреби. Ова право на информации е признаено во Универзалната декларација за човекови права, во Конвенцијата за правата на детето, во Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и во Препораките бр. 90, 7, CM / Rec (2010) 8 и CM / Rec (2016) 7 на Советот на Европа во врска со информации и советување на младите и пристапот до нивно остварување. Ова право е исто така основа за младинските информативни активности преземени од страна на Европската унија.

Темелната младинско информативна работа ги опфаќа сите теми кои ги интересираат младите луѓе и можат да вклучат спектар на активности: информирање, советување, поддршка, тренинг, обука, вмрежување и упатување на специјализирани услуги со цел да се ангажираат и да ги поттикнат младите луѓе. Овие активности може да бидат реализирани од страна на младински информативни центри, или преку младински информативни сервиси во други структури и средини. Начелата на оваа Повелба се наменети да се применуваат во сите форми на темелната информативна младинска работа. Тие претставуваат основа за воведување минимум стандарди и мерки за квалитет кои треба да се утврдат во секоја земја како елементи на разбирлив, ресурсен, кохерентен и координиран пристап кон информирањето за младите, што е составен дел на младинската политика.

# Принципи/Прописи

## 1. НЕЗАВИСНИ ИНФОРМАЦИИ
**1.1** Понудените информации се детални/сеопфатни, овозможуваат преглед на различни достапни опции и се базирани на плурализам и потврдени извори.
**1.2** Понудените информации се независни од било какви религиозни, политички, идеолошки или комерцијални влијанија.
**1.3** Изворите на финансирање за младинското информирање не ја загрозуваат примената на ниеден од принципите од оваа Повелба.

## 2. ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ
**2.1** Младинските информативни сервиси гарантираат еднаков пристап.
**2.2** Младинските информативни центри и сервиси се лесно достапни, атрактивни и видливи за младите луѓе.
**2.3** Младинското инфромирање е разбирливо за младите луѓе.

## 3. ИНКЛУЗИВНИ ИНФОРМАЦИИ
**3.1** Младинските информативни сервиси се отворени за сите млади луѓе без никаков вид на дискриминација.
**3.2** Младинските информативни сервиси се бесплатни за сите млади луѓе.
**3.3** Младинските информативни центри и сервиси се стремат да допрат до сите млади луѓе, на начини кои се ефективни и соодветни за различни групи и потреби.

## 4. ИНФОРМАЦИИ БАЗИРАНИ НА ПОТРЕБИ
**4.1** Младинските информативни услуги се базирани на потребите на младите луѓе.
**4.2** Достапните информации ги покриваат сите теми кои ќе важни за младите луѓе.
**4.3** Секој корисник се почитува како индивидуа и одговорите на секое прашање се пресонализирани на начини кои се ефективни и соодветни.
**4.4** Младинските информативни структури имаат доволно човечки ресурси со цел да гарантираат персонализирана поддршка и услуги.

## 5.ПОТТИКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ
**5.1** Младинските информативни услуги ги зајакнуваат младите луѓе и ја поттикнуваат нивната автономија.
**5.2** Младинските информативни сервиси им овозможуваат на младите медиуми и вештини за информациска писменост за да делуваат безбедно и одговорно.
**5.3** Младинските информативни услуги го промовираат граѓанскиот активизам и учество.

## 6. УЧЕСТВО
**6.1** Младите луѓе учествуваат во продукција, промоција и евалуација на младинското инфромирање, на различно ниво и во различни форми.
**6.2** Младинските информативни услуги нудат платформи и активности за учење еден од друг.
**6.3** Младите луѓе се охрабрени да даваат повратна информација како интегрален дел од тековниот развој на младинските инфромативни услуги.

## 7. ЕТИЧКИ
**7.1** Младинските информативни сервиси го почитуваат правото на приватност, доверливост и анонимност на младите луѓе. Младинските информативни сервиси обезбедуваат безбедна средина за младите луѓе.
**7.2** Критериумите за избор на информациите се јавно објавени и се разбирливи. Авторот и целта на информацијата се јасни и видливи.
**7.3** Сите информации што се произведени или промовирани се точни, комплетни, ажурирани и потврдени.

## 8. ПРОФЕСИОНАЛНИ
**8.1** Младинските информативни услуги се обезбедени на професионален начин од обучени кадри.
**8.2** Младинските разботници имаат вештини за медиуми и информациска писменост.
**8.3** Младинските информативни сервиси соработуваат со засегнати релевантни страни со цел да идентификуваат потреби, да направат синергија, да споделат експертиза и да ги направат видливи информациите за младите.
**8.4** Младинските работници соработуваат на локално, регионално, национално, европско и интернационално ниво и ги споделуваат најдобрите практики и знаења.
**8.5** Младинските работници осигуруваат дека младите луѓе имаат знаење и вештини да ги користат дигиталните услуги кои се намементи за нив.

## 9. ПРОАКТВНИ
**9.1** Младинските информативни сервиси се иновативни во нивниот избор на стратегија, методи и алатки за да допрат до младите луѓе.
**9.2** Младинските работници се свесни за новиот развој, релевантни закони и постојано се информираат за новите трендови меѓу младите луѓе.
**9.3** Младинските работници се проактивни членови во медиумскиот и информацискиот свет кои што осигуруваат квалитет дека младинското инфромирање е видливо.